Co-funded by the
Erasmus+ Programme
of the European Union

# ВОДИЧ ЗА ПОСТАПКАТА ЗА АКРЕДИТАЦИЈА / IO6

## ФИНАЛЕН ИЗВЕШТАЈ

Еразмус+ ПАРТНЕРСТВО ЗА МЕНТОРСТВА ВО КРЕАТИВНИ ИНДУСТРИИ (P4CA)

2019-1-UK01-KA202-061952

Подготвено од: Агенција за регионален развој Сенец-Пезинок

## РЕЗИМЕ

Овој документ претставува резиме на системот за акредитација за стажирање во шест европски земји.

Партнерството за креативни стажирања (P4CA) го сочинуваат шест проектни партнери од шест европски земји: Materahub (Италија), Проектен простор Прес ту Егзит (Северна Македонија), Regional Development Agency Senec-Pezinok (Словачка), Cultural Innovation Competence Centre Association (Унгарија), Fundacja ARTeria (Полска) и Rinova Limited (Велика Британија) – водечки партнер на проектот.

Регионалната агенција за развој Сенец-Пезинок изработи образец со чија помош партнерските организации ги мапираа можностите за акредитација за стажирање во секоја од партнерските земји. Така, од секој партнер беше побарано да изработи национална анализа за моменталната состојба и идните можности за валидација, сертификација и системи за акредитација за ментори за стажирање и обучувачи во областа во културата и креативните индустрии (CCI).

Целосниот извештај ги одразува четирите клучни теми кои се разработени од проектните партнери. Поконкретно, тој дава преглед на контекстот на СОО; поврзаноста со европските системи и рамки; валидација на неформално учење и сертифицирање на системи за акредитација во сите вклучени земји.

Прво, врз основа на наодите, во сите вклучени земји постои систем за валидација за стручно образование и обука (СОО) во различни форми, но не постои јасна класификација за ККИ (Култура и креативна индустрија) во моментот. На сите вклучени земји им недостасува кохерентен систем за валидација на резултатите од учењето добиени од неформалната едукација, а некои од земјите немаат предвидено ниту развој на ККИ во своите планови. Наспроти тоа, резимето акцентира дека некои специфични потсектори на ККИ имаат многу јасни системи за акредитација, каков што е случајот со Обединетото Кралство.

Второ, важно е да се забележи дека најголемиот контраст што го воочивме е разликата помеѓу поформалниот двоен систем (кој се применува во мнозинството вклучени земји) и понеформалниот систем на стажирање во Обединетото Кралство. Системот на Обединетото Кралство е неодамна воведен и претставува обид да се даде поголема моќ на вработувачите при дизајнирање на програмите за стажирање и нивно подобро адаптирање на потребите на пазарот на труд. Сепак, поради Брегзит, квалификациите засновани на Обединетото Кралство веќе не ги исполнуваат целите на P4CA за промовирање на заеднички европски рамки и можност за преземање на истите.

И на крај, ниту една од избраните земји не изјавува дека постои таков простор каде што менторот за стажирање би можел да добие сертификат. Како и да е, партнерските одрганизации во проектот P4CA веруваат дека CLOCK рамката може да понуди опција за акредитирање на неформално образование бидејќи се заснова на транснационално преносливи квалификации и е веќе признаена во најмалку 5 земји-членки на ЕУ.